ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ НА
ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ГСВ-Q-422-001.04/Изм.01

# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

Генералниот секретаријат и Кабинетот на Претседателот на Владата на Република Македонија се институции специјализирани за обезбедување логистичка – стручна поддршка на Владата во целина, на Претседателот на Владата, замениците на Претседателот на Владата, министрите (членовите на Владата) со препознатливи принципи во работењето: професионалност, квалитет, независност и коректност.

**Од визијата на раководството произлезе обврската со постојано унапредување на Системот за менаџмент со квалитет воспоставен според барањата на стандардот**

## ISO 9001:2008

**да развиваме институција способна да испорачува услуги кои ги задоволуваат потребите на корисниците и ги исполнуваат барањата на прописите.**

**Цели на оваа Политика за квалитет се:**

» **Насоченост кон корисниците**
Зголемување на задоволството на корисниците со нашиот квалитет, непристрасност, добра професионална пракса, ефикасност и етика.

» **Однос кон испорачателите**
Соработка со испорачатели која се темели на партнерство, взаемна доверба и сродни принципи во работењето.

» **Лидерство**
Со постојано унапредување во работењето, да бидеме лидер во општеството.

» **Вработени**
Соодветна стручна квалификација на вработените, детално познавање на специфичностите во работењето и постојана едукација.

» **Компетентност**
Извршување на работата компетентно и одговорно. Сите активности се изведуваат во согласност со договорените барања и законските прописи.

» **Одговорност**
Индивидуална и колективна одговорност како основа при работењето.
Раководството на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, целосно е одговорно за одржување и развој на Системот за квалитет.

Скопје, март 2011

Генерален секретар

Кирил Божиновски